**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ – ВИОЛИНА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402 – 101/21 од 16.10.2017 година донесена на седницата на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 16.10.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област *видови инструменти – виолина* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **проф. м-р Олег Кондратенко**, редовен професор од наставно-научната област виолина, вработен на Факултетот за музички уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претседател;
- **проф. д-р Владимир Лазаревски,** вонреден професор од наставно-научната област видови на инструменти - обоа и камерна музика, вработен во НУ Македонска филхармонија, член;
- **проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска**, редовен професор од наставно-научната област музикологија, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 29.8.2017 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Владимир Крстев, доцент по виолина и методина на наставата по гудачки инструменти на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

***Биографски податоци***

**М-р Владимир Крстев** е роден во Скопје. Дипломира и магистрира на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Зоран Димитровски. Има освоено три државни награди и признанија од кои несомнено се издвојува наградата YAMAHA во 1998 година за најдобар инструменталист во генерацијата. Владимир Крстев е исто така лауреат на државните натпревари по виолина во 1995 година и камерна музика во 1996 година.

Забележителни се неговите солистички настапи на Скопско, Штипско и Охридско лето, настап на Чукарички денови на музика во Белград, Хераклејски вечери и како солист со Македонска филхармонија.

Член е на камерниот состав „Мјузик прогресив квартет“ со кој настапил во САД, Русија, Австрија, Италија, Луксембург, Бугарија, Србија. Во 2012 година се здобива со наградата „Виртуози“ за најдобар камерен ансамбл како член на овој ансамбл. Покрај овој состав, членува во ансамблот „БАХУС“, со кој настапува на Интерфест Битола, како и учесник во оркестарот на Централна европска иницијатива, со кој настапува во Рим, Трст и во Будимпешта. Член е и на гудачкиот квартет „Бревис“ .

Соработува и со симфонискиот оркестар во Алтенбург - Германија, камерниот оркестар на Музичката младина на Македонија, како и со камерниот оркестар при Македонската филхармонија (настапи во Бугарија, Турција, Шведска, Полска, Франција, Австрија, Португалија).

Како инструменталист реализира повеќе аудио изданија со „Проект жлуст“ Live in Kumanovo, Инкубатор), а учествува и при реализација на саундтраците за филмовите: „Големата вода“, „Бал-кан кан“, „Како убив светец“, „Мајки“, „Трето полувреме“ и други.

Вработен е од 2002 година во НУ Македонската филхармонија, каде што во моментов ја извршува позицијата на водач на групата Втори виолини. Од 2012 година е ангажиран

и хонорарно како наставник по виолина, виола и методика на наставата по гудачки инструменти на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, додека во 2013 година е избран во насловното звање доцент по виолина и методика на наставата по гудачки инструменти на Музичката академија при УГД - Штип.

Крстев е автор на рецензираната скрипта со наслов „Методика на наставата по дувачки и гудачи инструменти 1“, која ја издаде за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Во 2012 и 2013 година, Крстев е дел од стручните тимови за изработка на наставни програми по: виолина за државните основни и средни музички училишта во Р Македонија.

М-р Владимир Крстев одлично го владее англискиот јазик.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во насловно звање насловен вонреден професор од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети:***

1. Насловно звање насловен вонреден професор од научната област во која се избира со диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности.

Кандидатот доц. м-р Владимир Крстев е избран во звање доцент во март 2013 година на Факултетот за музичка уметност при УГД. На конкурсот тој има приложено оригинални дипломи и тоа: диплома од втор циклус студии магистер на виолина, стекната на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје; диплома од прв циклус студии дипломиран виолинист, стекната на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Изведба на шест целовечерни концерти (во земјава или во странство).

Кандидатот доц. м-р Владимир Крстев има приложено концертни програми за изведба на 12 целовечерни концерти (во земјава и во странство); Концертите се реализирани во периодот од февруари 2013 година до август 2017 година и сите се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД.

3. Има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници.

Дипломираните виолинисти и музичари изведувачи од класата по виолина на доц. м-р Владимир Крстев веќе работат како наставници по виолина и виола во музичките училишта во РМ.

4. Покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност.

Доц. м-р Владимир Крстев успешно изведува настава на додипломските студии на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип по предметите Виолина со оркестарески делници 1 - 8, Виола со оркестарски делници 1 - 8, Методика на настава по гудачки инструменти 1 - 2. Крстев е член на тимот кој ги креира наставните програми на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип.

5. Има издадена рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната област објавена во е-библиотека.

Крстев е автор на рецензирана скрипта за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ со наслов „Методика на наставата по дувачки и гудачки инструменти 1“.

6. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот.

7. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО) =30, (НИ) =38, (САОР) = 7 или вкупно 75 поени.

***Наставно-образовна дејност***

- Од март 2013 година м-р Владимир Крстев е избран во звањето насловен доцент за наставно-научната уметничка област виолина и методика на наставата по гудачки инструменти на Факултетот за музичка уметност при УГД-Штип.
- Крстев е автор на рецензирана скрипта за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ со наслов „Методика на наставата по дувачки и гудачки инструменти 1“.
- Крстев е автор на интерна скрипта за предавање за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ по предметот Виолина со оркестарски делници.

- Крстев бил ментор на 4 дипломци на прв циклус студии на Факултетот за музичка уметност при УГД.
- Од изборот во 2013 година до денес на Музичката академија при Вокално-инструменталниот оддел тој ги предава предметите Виолина со оркестарски делници 1-8 и Методика на наставата по гудачки инструменти 1 и 2.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од март 2013 година до јули 2017 година, доц. м-р Владимир Крстев изведува 12 целовечерни солистички и камерни концерти во признати сали. Целовечерните концерти се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие концерти):

1. Целовечерен концерт на камерното дуо „Македониум“ во состав Крстев - Лазаревски на фестивалот Вишко лето 2017, Хрватска. Програма: Телеман –Кванц, Бах, Телеман, 5.7.2017 г.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/18765/)
2. Целовечерен концерт на камерното дуо „Македониум“ во состав Крстев - Лазаревски на 10. меѓународен музички фестивалот „Собираем друзеј“ во камерна сала на Конзерваториумот Чајковски, Москва, Русија. Програма: Телеман –Кванц, Бах, Телеман, 29.8.2016 г.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/18766/)
3. Целовечерен концерт на камерно трио „Мецо“ на меѓународниот фестивал Темпието, Рим, Италија.Програма: Телеман, Шостакович, Илиевски, 23.9.2015 г.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/14738/)
4. Целовечерен концерт на камерно трио „Мецо“ на меѓународниот фестивал во Гдањск, Полска. Програма:Телеман, Шостакович, Илиевски, 13.8.2015 г.
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/14721/)

5. Солист со камерниот оркестар „Арс барока“, Р Бугарија, во К.Паланка – Град на културата во РМ 2013, 20 часот. Програма: А. Салиери – Троен концерта за обоа, виолина, виолончело и оркестар во Д –дур и Т. Албинони – Концерт за две обои и оркестар оп.9 (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/7996), 16.7.2013 г.

6. Солист со камерниот оркестар „Арс барока“, Р Бугарија, на фестивалот „БИТФЕСТ 2013“, 20 часот. Програма: А. Салиери – Троен концерта за обоа, виолина, виолончело и оркестар во Д –дур и Т. Албинони – Концерт за две обои и оркестар оп.9 бр.3, 15.7.2013 г.
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/8034/)

7. Камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” на Штипско културно лето 2013, Безистен, 20 часот. Програма: Авторска музика од Марко Виденовиќ, 4.7.2013 г.
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/8006/)

8. Камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив”, Амбасадата на САД во Скопје по повод 4 јули – ден на независност на САД, 20 часот. Авторска музика од Марко Виденовиќ, 3.7.2013 г.
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/8032/)

9. Солист со оркестарот „West Coast Symphony“ во Ванкувер, Канада, со диригентот Бујар Липај, Гимназија „Св. Џон“, Ванкувер, Канада. Авторска музика од Марко Виденовиќ, Дуке Бохаџиев, 14.30 часот, 28.4.2013 г.
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/8003/)

10. Камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” на џез клуб „Селерс“, Ванкувер, Канада, 20 ч. Авторска музика од Марко Виденовиќ, Дуке Бохаџиев, 28.4.2013 г.
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/8351/)

11. Солист со оркестарот „West Coast Symphony“ во Ванкувер, Канада, со диригентот Бујар Липај, катедрала „Св. Христос“, 20.30 часот. Авторска музика од Марко Виденовиќ, Дуке Бохаџиев, 26.4.2013 г.
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/8001/)

12. Камерен концерт со квартетот „Мјузик прогресив” на џез клуб „Лусид“, Сиетл, САД. Авторска музика на Марко Виденовиќ и Гоце Гавриловски, 20.4.2013 г.
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/8429/)

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во 2013 година, музичкиот камерен квартет „Мјузик прогресив" го издаде второ авторско ЦД насловено како „Дриминг". На ова ЦД изданието беше целосно поддржано од Министерството за култура на Р Македонија. Изданието е достапно на линкот од репозиториумот на УГД: http://eprints.ugd.edu.mk/8089/

Во периодот 2013-2017 година доц. м-р Крстев е редовен член на комисиите за приемни испити и завршни испити по предметите Виолина, Виола, Виолончело, Камерна музика на Вокално-инструменталниот оддел на додипломските студии. Тој е дел и од тимот кој ги изработува студиските програми за матичен инструмент на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип (види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под реден број 28 за поени).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16 мај 2014 г.), како и по деталното разгледување на комплетната доставена документација наведена во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. м-р Владимир Крстев ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 99 поени (НО+НИ+САОР=30+57+12) од неопходниот минимум од 75 поени.

Преку анализата и оценката на сите наведени постигнувања во периодот од март 2013 година до денес може да се констатира дека доц. м-р Владимир Крстев остварува континуиран развој и постигнува значајни резултати во неговите наставни области.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го усвои нашиот предлог и да го избере **кандидатот м-р Владимир Крстев во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област видови инструменти - *виолина* на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Олег Кондратенко, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Владимир Лазаревски, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА КАНДИДАТОТ М-Р ВЛАДИМИР КРСТЕВ**

| Р. бр. | Наставно - образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | поени | | | вкупно |
| 4. | Избор во звање доцент | број 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30 поени** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | **Во странство** | | **поени** | Вкупно |
| | | **број** | | **поени** | | **број** |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (12 целовечерни концерти) | 5x3 =15 | 7x6 =42 | 57 | | 57 |
| **10.** | **ВКУПНО** | | | | | **57 поени** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **поени** | | | | |
| | | **број** | **поени** | **поени** | | вкупно |
| | Издаден компакт диск | 1x6 | 6 | | | 6 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (комисија за приемни испити по виолина, виола, комисии за завршни испити по виолина, камерна музика, вокална камерна музика на ВИ оддел | 3x2 | 6 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **12** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **99 поени** |